**СТАТУТ НА ФОНДАЦИЈА АЛБИЗ с.Сарај Скопје**

**-донесен и усвоен  на ден 07.12.2015-**

**-пречистен текст-**

**Содржина**

I. ОПШТИ ОДРЕДБИ ... 3
II. ЦЕЛИ ... 5
III. УПРАВУВАЊЕ (УПРАВЕН ОДБОР), РАКОВОДЕЊЕ И ОРГАНИЗАЦИСКА СТРУКТУРА 6
1. ОРГАНИ НА ОПШТО УПРАВУВАЊЕ (УПРАВЕН ОДБОР) И НАДЗОР (СОВЕТ НА ДОНАТОРИ) ... 6
2. ЗАЕДНИЧКИ ОДРЕДБИ ... 6
3. СОВЕТ НА ДОНАТОРИ НА ФОНДАЦИЈА АЛБИЗ ... 9
4. УПРАВЕН ОДБОР ... 10
5. РАКОВОДЕЊЕ ... 12
IV. ФИНАНСИРАЊЕ НА ФОНДАЦИЈА АЛБИЗ ... 15
V. ЗАШТИТА НА ИНТЕРЕСИТЕ НА ФОНДАЦИЈА АЛБИЗ ... 16
VI. ЈАВНОСТ ВО РАБОТАТА И ИНФОРМИРАЊЕ ... 17
VII. СТАТУТ И АКТИ НА ФОНДАЦИЈА АЛБИЗ ... 17
IX. ПРЕСТАНОК НА ФОНДАЦИЈА АЛБИЗ ... 18
X. СТАТУС НА ФОНДАЦИЈА АЛБИЗ ... 4
XI. ПРЕОДНИИ ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ ... 18

Врз основа на членот 31 од Законот за здруженија и фондации (Сл.весник на РМ бр. 52/10) и членовите 29 и 63 од Статутот на Фондација за развој на образование и култура АЛБИЗ с.Сарај Скопје

**С Т А Т У Т**
**НА ФОНДАЦИЈА ЗА РАЗВОЈ НА ОБРАЗОВАНИЕТО И КУЛТУРА АЛБИЗ с.Сарај Скопје**

## I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

### Дефиниција на организацијата

**Член 1**

Фондација за развој на образованието и кутурата АЛБИЗ с.Сарај Скопје (во понатамошниот текст: Фондација Албиз) е граѓанска организација регистрирана според законот за Здруженија и фондации на Р.М.

### Име на организацијата

**Член 2**

Името – називот на фондацијата е : Фондација за развој на образование и култура АЛБИЗ с.Сарај Скопје

Скратениот назив на друштвото гласи АЛБИЗ с.Сарај Скопје.

Називот на фондацијата на англиски јазик ќе гласи :
Foundation for development of education and culture ALBIZ Saraj Skopje.

Називот на албански јазик со латинско писми: Fondacioni për zhvillimin e arsimit dhe kulturës ALBIZ, fsh. Saraj Shkup

### Основач

**Член 3**

Основач на Фондација Албиз се:

| Име на компанија | Седиште | ЕМБС | Застапник |
|---|---|---|---|

1. ДАУТИ КОМЕРЦ Друштво за производство, промет и услуги увоз-извоз АД с.Бојане општина Сарај, седиште Населено место без уличен систем, с.Бојане, Скопје, ЕМБС: 4142144, Џемаил Даути

2. Друштвото за производство и трговија АДРИЈУС ДОО увоз-извоз с.Глумово,Сарај,со седиште на ул.1721 бр.41 Глумово,Сарај, со ЕМБС 4497821, Амир Медиќ

3. Друштвото за производство,трговија и услуги ФРУКТ ИМПОРТ ДООЕЛ експорт-импорт с.Сарај Скопје со седиште на ул.20 бр.236 Скопје,Сарај , со ЕМБС 4374312, Исмет Сефери

4. Друштво за трговија,меѓународен транспорт и услуги БАУКОП ДООЕЛ увоз-извоз Скопје,со седиште на Качанички пат бр.210/Визбегово Скопје,Бутел, со ЕМБС 5019559Неџат Шаини

5. Друштвото за трговија и услуги ЈУС МБ ДООЕЛ с.Сарај,Скопје со седиште на ул.2 бр.6 Скопје,Сарај, со ЕМБС 6001645, Јусуф Јусуфи

6. Друштвото за производство,услуги и трговија на големо и мало ПРИНЦЕ ЕНТЕРПРАЈС ДООЕЛ експорт-импорт Скопје со седиште на ул.Ферид Мурати бр.30 Скопје,Чаир, со ЕМБС 5742927, Адем Абдулаи

7. Друштвото за производство,трговија и услуги БЕНТОН-НИ експорт-импорт ДООЕЛ со седиште на ул.1-ви Мај бр.4 Куманово, со ЕМБС 6056547, Ибадет Ејупи

8. Акционерско друштвото за транспорт,шпедиција,трговија и услуги ДАУТИ ТРАНСПОРТШПЕД АД с.Крушопек Сарај,со седиште на ул.1 бр.17 Крушопек,Сарај, со ЕМБС 5747546, Даим Рамадани

9. Друштвото за трговија на големо и мало ИЗВОР Вадин ДООЕЛ увоз-извоз Скопје со седиште на ул.1638 бр.11 Скопје,Гази Баба, со ЕМБС 4359372 Горанчо Ангелевски

10. Друштвото за производство,промет и услуги ВИА-КОМЕРЦ Џемаљ ДООЕЛ експорт-импорт с.Крушопек,Сарај во Крушопек,Сарај, со ЕМБС 4387856Џемаљ Нуиши

11. Друштвото за производство,трговија и услуги РОССЕН ЦЕНТАР ДООЕЛ експорт-импорт с.Стримница.Желино со седиште на ул.101 бр.33 с.Стримница.Желино, со ЕМБС 6833594 Фатиме Рушити ,

12. Друштвото за градежништво,трговија и услуги ХИТАЧИ КОНСТРУКТИОН ДООЕЛ експорт-импорт Скопје со седиште на ул.Васил Ѓоргов бр.31-1/лок.17 Скопје,Центар, со ЕМБС 6882323Менсур Рамадани

13. Друштвото за градежништво,трговија и услуги ДУЛИ-БАУ ДООЕЛ експорт-импорт с.Сарај Скопје, со седиште на ул.4 бр.15 с.Сарај,Скопје,со ЕМБС 6307019Али Адеми

14. Друштвото за производство,трговија и услуги САЛ-КОМ Сали ДООЕЛ Скопје со седиште на ул.20 бр.41 Скопје,Сарај, со ЕМБС 5398606, Сали Сали

15. Друштво за промет на големо и мало ЕФТИНИЈА-ИМПЕКС ДОО Експорт-импорт Скопје,со седиште на Јадранска Магистрала бр.80 Скопје,Бутел,со ЕМБС 4138511 Екрем Имер

Основачите преку членовите во Советот на донатори имаат посебни права утврдени со овој Статут при одлучување за донесување, измена и дополнување на Статутот, на генералната политика и стратегија, како и за статусни промени и престанок на Фондација Албиз.

## II. СТАТУС НА ФОНДАЦИЈА АЛБИЗ

**Статус на правно лице**

**Член 4**

Фондација Албиз има статус на правно лице односно фондација, со права, обврски и одговорности утврдени со закон и со овој Статут.

**Седиште**

**Член 5**

Седиштето на Фондација Албиз е во Скопје.
На ул.20 бр.97 Сарај Скопје

Одлука за промена на седиштето на Фондација Албиз донесува Советот на донатори.

**Знак**

**Член 6**

Фондација Албиз има знак. Изгледот, формата и големината на знакот се утврдуваат со одлука на Советот на донатори, по предлог на извршниот директор.

**Печат**

**Член 7**

Фондација Албиз има свој печат, кој е со кружна форма и во него е впишан текст на македонски јазик со кирилско писмо: Фондација за развој на образование и култура АЛБИЗ, с.Сарај Скопје, и на албански јазик со латинско писми: Fondacioni për zhvillimin e arsimit dhe kulturës ALBIZ,s. Saraj Shkup.
Формата и употребата на печатот и штембилите ги утврдува извршниот директор, во согласност со закон.

## III. ЦЕЛИ

**Визија, мисија и основни цели**

**Визија**

**Член 8**

Визијата на Фондација Албиз е да биде лидер во промовирањено на корпоративна општествена одговорност и филантропија преку организирање и промовирање на програми од едукативен, културен, екомски и соцои-хуманитарен карактер во општеството.

**Мисија**

**Член 9**

Мисијата на Фондација Албиз е да го зајакне и унапреди општеството преку создавање на можности, обезбедувајќи образовни, економски, социјални платформи и програми.

**Основни цели**

Основната цел на Фондација Албиз е давање придонес за извршување на потребните ативности и истражувања со цел да се развијат научните, образовните, културните и социо-хуманитарните активности и тоа:

- Доделување на стипендии за подршка на успешни студенти и ученици;
- Развој на неформалното образование преку обуки курсеви и семинари;
- Подршка на културата преку културни манифестации и творештва, подршка на културно уметнички друштва и дополнителни утврдени културни активности, манифестации и други одбележувања;
- Подршка на спортски клубови и спортски сојузи, дополнителни утврдени спортски активности, манифестации, проекти и приредби;
- Подршка на проекти и активности од областа на општетсвените и социјалните активности и развојот на економските дејности;

- Социо-хуманитарни активности поврзани со обезбедување помош на социјални случаи, здравствени и воспитно образовни институции и установи, обезбедување на хуманитарна помош (храна, облека, обувки, средства за хигиена, постелнина) за помош на најранливите лица, обезбедување на финансиски средства и храна за помош на лицата кои се наоѓаат во тешка материјална положба;
- Помош во решавање на инфраструктурните проблеми на одредена група на население;
- Обезбедување соработка меѓу сродни институции од земјата и од странство;

**Вредности**

**Член 10**

Фондација Албиз се базира на следните вредности: коректност, професионализам, одговорност и транспарентност.

**Територија на дејствување**

**Член 11**

Фондација Албиз дејствува на територијата на Република Македонија.
Фондација Албиз може да се организира на територијален принцип, преку основање организациони единици (подружници, канцеларии, филијали, и слично ) кои немат својство на правни лица.

## IV. УПРАВУВАЊЕ (УПРАВЕН ОДБОР), РАКОВОДЕЊЕ И ОРГАНИЗАЦИСКА СТРУКТУРА

### 1. ОРГАНИ НА ОПШТО УПРАВУВАЊЕ (УПРАВЕН ОДБОР) И НАДЗОР (СОВЕТ НА ДОНАТОРИ)

**Органи на општо управување и надзор**

**Член 12**

Органи на општо управување и надзор на Фондација Албиз се: Совет на донатори и Управен Одбор.

### 2. ЗАЕДНИЧКИ ОДРЕДБИ

**Принцип на неизвршност на органите на Фондација Албиз**

**Член 13**

Советот на донатори и Управниот одбор се составени исклучиво од неизврши членови, односно членови кои не се вклучени во секојдневното управување (Управен Одбор) и не се во работен однос во Фондација Албиз.

**Избор на членовите**

**Член 14**

Членовите на Советот на донатори се основачите на Фондација Албиз.
Членовите на Управниот одбор се избираат од Советот на донатори.

**Повеќе чинителски пристап**

**Член 15**

Во Фондација Албиз се рефлектира духот на партнерство меѓу основачите. Управниот одбор е одраз на различните општествени интереси и чинители во подрачјата на дејноста на Фондација Албиз, и тоа од основачите, лица со интегритет, компетентност и афирмираност.

**Претставување во личен капацитет**

**Член 16**

Членовите на органите на општо управување (Управен Одбор) и надзор (Совет на донатори) дејствуваат во личен капацитет и одлучуваат според личното уверување.

**Начин на работа**

**Член 17**

Органите на општо управување (Управен Одбор) и надзор (Совет на донатори) работат на седници.

**Кворум за работа и одлучување**

**Член 18**

Органите на општо управување (Управен Одбор) може да работат и да донесуваат одлуки ако на седницата присуствуваат мнозинството од вкупниот број членови.
Органите на општо управување (Управен Одбор) и надзор (Совет на донатори) одлучуваат со мнозинство гласови од присутните членови, освен ако со закон или со овој Статут не е определено друго мнозинство или не се пропишани други услови во поглед на мнозинството со коешто се донесуваат одлуките за определени специфични прашања.
Гласот на претседавачот на органот на општо управување (Управен Одбор) и надзор (Совет на донатори) е одлучувачки во случај на поделба на гласовите (еднаков број на гласови).

**Гласање**

**Член 19**

Органите на општо управување (Управен Одбор) и надзор (Совет на донатори) одлуките ги донесуваат со јавно гласање, освен ако со закон и со овој Статут не е определено поинаку.
За избори и разрешување член на органите на општо управување (Управен Одбор) и надзор (Совет на донатори), начинот на гласење го определува Советот со посебна одлука.

**Состаноци со конференциска врска**

**Член 20**

Членовите на органите на општо управување (Управен Одбор) и надзор (Совет на донатори) може да учествуваат и да одлучуваат на седница организирана со конференциска врска.

**Одлучување без одржување состаноци или без присуство**

**Член 21**

Членовите на органите на општо управување (Управен Одбор) и надзор (Совет на донатори) може да одлучуваат и без одржување состанок или без присуство, ако членовите дадат согласност за одлуката која што се донесува, со своеарачен потпис или потпис испратен по факс, електронска пошта или по смс.

**Првенство на интереси**

**Член 22**

Членовите на органите на општо управување (Управен Одбор) и надзор (Совет на донатори) во секое време треба да ги имаат предвид првенствено целите и интересите на Фондација Албиз над поединечните или посебните цели на која и да е друга страна.

**Права и должности**

**Член 23**

Членовите на органите на општо управување (Управен Одбор) и надзор (Совет на донатори) имаат право и должност да учествуваат во работата на органите за кои се избрани, да даваат идеи и иницијативи за подготвување општи акти и да учествуваат во вршењето на други надлежности на органите за кои се избрани, во согласност со деловникот и заклучоците на Советот на донатори и на Управниот одбор.

**Забрана за учество во извршната власт и во политичките партии**

**Член 24**

Членовите на органите на општо управување (Управен Одбор) и надзор (Совет на донатори) не можат да бидат членови на Владата, и тоа претседател и заменици-претседатели, министри и заменици-министри.

Членовите на органите на општо управување (Управен Одбор) и надзор (Совет на донатори) не можат да бидат претседатели на политички партии.

Во случај на избор за вршење функции од ставовите 1 и 2 од овој член, членството во органите престанува, што го констатира Советот на донатори на Фондација Албиз.

**Одговорност**

**Член 25**

Органите на општо управување (Управен Одбор) и надзор (Совет на донатори) колективно и секој негов член индивидуално одговара за својата работа пред органот што ги избрал.

**Разрешување и оставка на член на Управниот одбор**

**Член 25**

Советот на донатори може да му исгласа недоверба  на Управниот одбор во целина или на негов член. Недоверба може да се исгласа во случај на неисполнување на правата и обврските согласно со Статутот и општите акти, посебно, но не изклучиво за: кршење на одредбите на Статутот, отстапување од утврдената долгорочна политика и стратегија на Фондација Албиз и неможност за одржување на седницата на Управниот одбор во период од шест календарски месеци поради немање кворум.

Претседател на Управниот одбор може да предложи разрешување на член на Управниот одбор.
Разрешување на член на Управниот одбор  може да биде предложено поради непросуство од неоправдани причини на најмалку три последователни седници на Управниот одбор  или поради претставување на Фондацијата кое не е во согласност со улогата, мисијата и идентитетот на Фондацијата или поради постапување во спротивност со одредбите на освој Статут.

Член на Управниот одбор може да поднесе оставка

Изборот за испразнетите места се врши во оригиналниот мандат.

**Постојани и привремени работни тела**

**Член 26**

За претресување на прашањата од својата надлежност, Советот на донатори и Управниот одборот основаат комисии и други работни тела, кои се основаат како постојани или како привремни.

**Надоместок на членовите на органите**

**Член 27**

Членовите на органите на општо управување (Управен Одбор) односно Управниот одбор, можат да примаат паричен надоместок за трошоци и изгубен приход настанати поради учество во работата на органите на општо управување (Управен Одбор) на Фондација Албиз
Паричниот надомест се уредува со одлука на Советот на донатори.

## 3. СОВЕТ НА ДОНАТОРИ НА ФОНДАЦИЈА АЛБИЗ

**Дефиниција на Советот на донатори**

**Член 28**

Советот на донатори на Фондација Албиз (во понатамошниот текст: Советот) е највисок орган на Фондација Албиз.
Своите права и обврски Советот ги врши врз основа и во рамките на Статутот и општите акти на Фондација Албиз

**Бројност на Советот**

**Член 29**

Советот го сочинуваат основачите на Фондација Албиз, односно петнаесет (15) члена, член на Советот може да биде и друго лице.

**Избор и мандат на Советот**

**Член 30**

Правото на членство во Советот на донатори се стекнува со самиот чин на основање и по одлука на Советот за нов член.
За промена на бројот на членовите на Советот на донатори одлучува постојниот (актуелниот) Совет со мнозинството од бројот на членовите во Советот кои гласале, но не помалку од една третина од вкупниот број членови.
За нов член на Советот одлучува постојниот (актуелниот) Совет со мнозинството од бројот на членовите во Советот кои гласале, но не помалку од една третина од вкупниот број членови.

**Претседател на Советот на донатори.**

**Член 31**

Претседател на Советот на донатори е одговорен за работата и одлучувањето на Советот на донатори.
Претседателот на Советот на донатори, како и заменик-претседател, го избира Советот на донатори, со мнозинство членови од вкупниот број членови на Советот на донатори, со мандат од една година, со право на повторен избор.

Во случај на отсуство и спреченост на претседател на Советот на донатори, него го заменува заменик-претседател.

**Делокруг на Советот**

**Член 32**

Советот на донатори:
- го донесува, изменува и дополнува Статутот;
- ја донесува генералната политика и стратегија;
- одобрува годишен извештај за работата и финансиски извештај со извештај од независниот ревизор;
- избира членови на Управниот одборот;
- одлучува за статусни промени и престанок на Фондација Албиз;
- врши и други работи согласно со Статутот и со општите акти на Фондација Албиз.

**Работа на Советот**

**Член 33**

Советот работи на седници.
Советот заседава најмалку два пати во календарската година и по потреба.
Седниците на Советот ги свикува претседателот на Советот на донатори, по сопствена иницијатива или по барање на Советот на донатори, или по барање на пет члена на Советот.
Ако претседателот на Советот на донатори во рок од четиринаесет дена од денот на дадениот предлог не свика седница, седницата ја свикува Советот на донатори или иницијаторите.
Советот може да заседава доколку во седницата се присутни најмалку 5(пет) членови а одлуките се важечки дололку се едногласно освоени.
Советот донесува деловник за работа (правила за работа), со мнозинство гласови од вкупниот број членови.

**Водење на седниците**

**Член 34**

Со седницата на Советот претседава претседавач (претседателот на Советот).

**Записник од Советот**

**Член 35**

За работата на Советот се води записник кој што содржи податоци утврдени со деловникот.
Записникот го води записничар.

## 4. УПРАВЕН ОДБОР

**Дефиниција на Управниот Одбор**

**Член 36**

Управниот одбор е орган на општо управување (Управен Одбор) на Фондација Албиз.
Своите права и обврски Управниот одбор ги врши врз основа и во рамките на Статутот и општите акти на Фондација Албиз.

**Бројност на Управниот Одборот**

**Член 37**

Управниот одбор го сочинуваат најмалку седум, но не повеќе од единесет члена.
Бројот на членови на Управниот одбор го утврдува Советот на донатори.

**Избор и мандат на Управниот одбор**

**Член 38**

Членовите на Одборот Управниот одбор ги избира Советот на донатори со мнозинство од бројот на членовите во Советот кои гласале, но не помалку од една третина од вкупниот број членови. Членовите на Управниот одбор имаат мандат од четири години, со право на повторен избори на неограничен број пати.

**Претседател на Управниот одбор**

**Член 39**

Претседател на Управниот одбор е одговорен за работата и одлучувањето на Управниот одбор.
Во случај на отсуство и спреченост на претседател на Управниот одбор, него го заменува заменик- претседател.
Претседател на Управниот одбор, како и заменик- претседател, го избира Управниот одбор, со мнозинство членови од вкупниот број членови на Управниот одбор, по препорака од Советот на донатори.
Претседателот, неговиот Заменик на Управниот одбор се именуваат со мандат од четри години, со можност да бидат именувани за нов  четри годишен мандат, на неограничен број пати.

**Делокруг на Управниот одбор**

**Член 40**

Управниот одбор управува со Фондација Албиз во рамките на законот и Статутот и општите акти на Фондација Албиз.
Управниот одбор:
- му помага на Советот во дефинирањето на генералната политика и стратегија на Фондацијата Албиз.
- усвојува перспективни и годишни програми и планови за работа и финансиски планови на предлог на директорот;
- донесува општи акти на Фондација Албиз, освен актите што ги донесува Советот и го следи спроведувањето на Статутот;
- усвојува тримесечни и шестмесечни извештаи за работата и го следи спроведувањето на програмите;
- добро управува и се грижи за имотот и средствата на Фондација Албиз;
- предлага независен ревизор (друштво за ревизија);
- усвојува годишна сметка;
- подготвува, утврдува и спроведува одлуки на Советот;
- одлучува за членување на Фондацијата во домашни и меѓународни сојузи и организации, со препорака од претседателот на Советот
- на Советот му доставува предлози за именување или разрешување на членови на Управниот одбор.
- ја нагледува, следи и контролира работата и активностите на Фондацијата , посебно користењето на нејзините средсвта согласно целите утврдени со овој Статут.
- одлучува за распоредување на средствата на Фондацијата во рамките на финансискиот план.
- бара и врши увид во документите и бара објаснувања од директорот или од било кој вработен во Фондацијата, во врска со било кој аспект на активностите на фондацијата.
- во рамките  на своите овластувањата Претседателот на Управниот одбор ја преставува Фондацијата и остварува контакти со трети лица и со јавноста за да ги промовира целите ставовите и активнотите на Фондацијата .
- му дава предлози на Советот во врска со измени и дополнувања на овој Статут
- донесува и други одлуки во врска  со активноста на Фондацијата, освен  одлуките кои се во исклучива надлежност на Советот.

- ги одобрува предлозите на Директорот за формирање на подружници (експозитури) во земјата во рамките на Фондацијата.
- донесува внатрешен акт во врска со организацијата и систематизацијата на работите места на Фондацијата.
- врши други работи во согласност со овој Статут и со општите акти на Фондација Албиз.
-

**Начин на работа на Управниот одбор**

**Член 41**

Управниот одбор работи и одлучува на седници.
Управниот одбор одржува најмалку седум седници во календарска година.
Седниците на Управниот одбор ги свикува претседател на Управниот одбор, по сопствена иницијатива или по барање на двајца членови на Управниот одбор, или по барање на пет члена на Советот, или по барање на извршниот директор. Претседателот на Управниот одбор мора да свика седница во рок од четри дена од денот кога е поднесено барањето.
Свикувањето се врши со покана со време, место и предлог-дневен ред на седницата.
За работата на седниците се води записник(писмен и аудио), кој го заверува претседателот и извршниот директор.
Управниот одбор донесува деловник за работа, со мнозинство гласови од вкупниот број членови.

## 5. РАКОВОДЕЊЕ

**Извршен директор**

**Член 42**

Извршниот директор е извршен орган, односно орган на секојдневно управување на Фондација Албиз.
Извршниот директор го избира Управниот одбор со мнозинство од бројот на членовите кои гласале, но не помалку од една третина од вкупниот број членови, усогласен со одлука од Советот на донатори.
Извршниот директор мора да биде лице со интегритет и компетентност.
Извршниот директор се избира на јавен конкурс, кој се објавува во најмалку два дневни весници.
Начинот и постапката за избор се уредува со општ акт донесен од Управениот одбор.
Извршен директор на Фондација Албиз не може да биде лице кое извршува функција на главен извршен директор или застапник на друго правно лице.
Извршниот директор е одговорен пред Советот на донатори и Управниот одбор.
Мандатот на извршниот директор е четри години, со право на повторен избор на неограничен број пати.
Извршниот директор склучува договор за раководење (менаџерски договор) и заснова работен однос во Фондација Албиз на неодредено време.
Во случај на предвремен прекин на мандатот на извршниот директорУправнито одбор именува вршител на должноста до избор на извршен директор не подолго од дванаесет месеци.

**Делокруг на извршниот директор**

**Член 43**

Извршниот директор го управува деловниот процес на Фондација Албиз. Своите права и обврски ги врши врз основа и во рамки на Статутот и општите акти на Фондација Албиз.
Извршниот директор:
- ја застапува Фондацијата Албиз во правниот промет со трети лица, одговорен е за законитоста во работењето на Фондацијата Албиз и за правилната примена на Статутот и на општите акти на Фондација Албиз;

- е главен административен службеник. Тој е и секретар на органите на општо управување (Управен Одбор) и надзор (Совет на донатори). Извршниот директор учествува во работата на Советот и на Управниот одбор, без право на глас;
- го води работниот процес на Фондацијата Албиз и раководи со него;
- ги следи и ги анализира состојбите и проблемите во дејноста на Фондацијата Албиз, дава прогнози и предвидувања за идни услови, проблеми и можности, комуницира и соработува со други организации;
- се грижи за стратешкото планирање и изготвува перспективни, годишни и периодични програми и планови за работа и финансиски планови. Одговорен е за извршување на програмата и на планот за работа и на финансискиот план и под-несува периодични и годишни извештаи за работата и финансиски извештај до Управниот одбор и Советот на донатори;
- ги менаџира тековните организациски трошоци кој произлегуваат од реализирањето на активностите, програмата и проектите, кој се усвојувани од Управниот одбор;
- раководи со извршната канцеларија на Фондацијата Албиз, ја планира, организира и спроведува неговата работа;
- воспоставува соодветни процедури за работа на Фондацијата Албиз, формира пописни и други комисии;
- се грижи за правилно и економично работење со средствата на Фондацијата Албиз и управува со паричниот тек;
- одлучува за избор на раководни лица во Фондацијата Албиз, усогласен со одлука од Управниот одбор.
- одлучува за засновање работен однос, ги води и мотивира соработниците, воспоставува показатели и ги оценува работните достигнувања.
Извршниот директор врши и други работи во негова надлежност во согласност со законите, Статутот и општите акти на Фондацијата Албиз.

**Одговорност на извршниот директор**

**Член 44**

Извршниот директор е одговорен за:
- законитоста, правилноста и навременоста на работата на Фондација Албиз и за обезбедување услови за работа во согласност со законите, Статутот и општите акти на Фондација Албиз;
- подготвување и навремено, објективно и точно презентирање на финансиските извештаи;
- постојано следење и управување (Управен Одбор) со ризиците на кои е изложен Фондација Албиз , вклучувајќи и анализа и оценка на извештаите доставени од страна на финансиските институции.

**Раководни лица**

**Член 45**

Во Фондација Албиз, покрај извршниот директор, има други лица со посебни права и одговорности или раководни лица.
За изборот на раководните лица одлучува извршниот директор, усогласен со одлука од Управниот одбор.

**Пренос на овластувањата**

**Член 46**

Извршниот директор може да пренесе одредени овластувања што произлегуваат од правата на застапување и претставување на Фондација Албиз.
Овластувањата може да се пренесат на раководни лица или на други вработени во Фондација Албиз.
Преносот на овластувањата може да се однесува и на склучување договори и потпишување поединечни акти на Фондација Албиз.
Во сите случаи наведени во претходните ставови од овој член, лицата на кои се пренесени овластувањата поднесуваат извештај до извршниот директор.
Овластувањата не може понатаму да се пренесуваат, без одлука на извршниот директор.

**Извршната канцеларија**

**Член 47**

Фондација Албиз е организирана во извршна канцеларија, која е одговорна за раководните, како и за стручните и административните работи, односно ги води секојдневните работи, поддршката на органите на Фондација Албиз и спроведувањето на политиката и програмите одобрени од органите на Фондација Албиз.

**Состав на извршната канцеларија**

**Член 48**

Извршната канцеларија ја сочинуваат извршниот директор, раководните лица и потребниот број соработници , вработени во Фондација Албиз.
Извршниот директор ги избира соработниците раководејќи се од принципите на интегритет, компетентност, ефикасност и афирмативност.
Организацијата и работата на извршната канцеларија се уредува со акти што ги донесува Управниот одбор.

**Делокруг на извршната канцеларија**

**Член 49**

Извршната канцеларија:
- ги следи и анализира едукавните, културните, економските и социо-хуманитарните општествени трендови и проблеми;
- подготвува седници на органите на општо управување (Управен Одбор) и надзор (Совет на донатори) и соодветни материјали;
- ги спроведува сите планирани активности на Фондација Албиз, во рамките утврдени со годишниот план за работа и со финансискиот план;
- подготвува среднорочни и годишни планови за работа и финансиски планови;
- работи со финансиските средства за обезбедување максимална повратност, мобилизира нови фондови;
- извршува канцелариски работи и ја чува архивата и води сметководство;
- поднесува извештаи за работата и финансиски извештаи;
- идентификува и формулира програми, подготвува документација и се грижи за спроведувањето на програмските активности, нивното набљудување и оценување;
- одржува односи со јавноста.

## V. ФИНАНСИРАЊЕ НА ФОНДАЦИЈА АЛБИЗ

### Извори на финансирање

**Член 50**

Фондација Албиз стекнува имот, прибира финансиски средства од: основачки влог; донации од Основачите и други донатори; прилози, подароци и завештанија; вршење сопствена дејност; заеми; позајмени средства, закупните тестаменти , легати , добротворени кампањи, лицитации , продажба на имот; добивката на трговските друштва кои Фондацијата ги основала со сопсвени средства, заради остварување на целите и задачите утверденисо овој Статут; владини средства од буџетот на Република Македонија ; и други извори на финансирање кои се во согласност со законите на Република Македонија .

Средства кои се стекнати со согласност со став 1 од овој член се во сопственост на Фондацијата.

### Наменска употреба на средствата

**Член 51**

Средствата на Фондација Албиз се употребуваат за специфични цели, задачи и активности, во согласност со овој Статут и со општите акти на Фондација Албиз и согласно со регулативите и ограничувањата на изворите на финансирање.

### Наменска употреба на вишок на приходи над расходи

**Член 52**

Вишокот на приходите над расходите (добивката) остварен од Фондација Албиз не смее да биде дистрибуиран како таков до ниедно лице, туку мора да биде употребен исклучиво за остварување на целите, задачите и активностите на Фондација Албиз.

### Годишен план

**Член 53**

Финансиската година се совпаѓа со календарската година.

Висината и начинот на распределба на средствата на Фондација Албиз се утврдуваат секоја година со финансискиот план, а врз основа на годишниот план за работа.

Годишниот план, вклучувајќи го финансискиот план го донесува Управниот одбор.

Годишниот план за секоја година се донесува на крајот од тековната кален-дарска година, за наредната година.

Ако годишниот план не се донесе во рокот предвиден со став 4 од овој член, финансирањето на Фондација Албиз ќе се врши во висина на средствата од претходната година, зголемени со порастот на цените на мало во тековната година.

Во случај на состојба на став 5 од овој член, финансискиот план ќе се донесе најдоцна до 31 март во тековната година.

### Сметководство и книги

**Член 54**

Фондација Албиз води сметководство, води и чува книги, поднесува годишна сметка и врши попис на начин уреден со закон.

Управниот одбор со акт го уредува финансиското работење.

Управниот одбор го одобрува извештајот за попис.

**Годишна сметка и годишен извештај**

**Член 55**

Фондација Албиз има годишен извештај за работа, годишна сметка и финансиски извештај во согласност со Законот и Статутот и општите акти на Фондација Албиз.

Годишниот финансиски извештај е интегрален дел на годишниот извештај за работа. Структурата на содржината на годишниот извештај за работа и финансискиот извештај е во согласност со Законот и одлука на Управниот одбор.

Одговорен за годишна сметка и финансиски извештаи, односно за нивната подготовка и потпишување, е извршниот директор.

Годишниот извештај, вклучувајќи го и финансискиот извештај, го донесува Управниот одбор.

Годишниот финансиски извештај ќе биде подложен на ревизија од независен ревизор, избран од Управниот одбор.

Годишниот финансиски извештај за претходната година се донесува најдоцна до 1 јуни во тековната календарска година односно во рокот пропишан со закон.

**Периодични извештаи за работа и финансиски извештаи**

**Член 56**

Извршниот директор му поднесува на Управниот одбор извештај за работата и финансиски извештаи секои шест месеци.

## VI. ЗАШТИТА НА ИНТЕРЕСИТЕ НА ФОНДАЦИЈА АЛБИЗ

**Добро управување (Управен Одбор) и одговорност**

**Член 57**

Членовите на органите за општо управување (Управен Одбор) и надзор (Совет на донатори), извршниот директор и членовите на извршната канцеларија се должни да управуваат и работат со Фондација Албиз со внимание и со начелата на добро управување (Управен Одбор), во интерес на Фондација Албиз, а над други лични или посебни интереси, односно во интерес на исполнување на целите и деловните планови на Фондација Албиз, во согласност со законите и со Статутот и општите акти на Фондација Албиз.

**Одговорност за обврски и штети**

**Член 58**

Фондација Албиз одговара за своите обврски со целиот свој имот и средства.

Членовите на органите на Фондација Албиз одговараат лично и неограничено за нивните обврски кон Фондација Албиз, за евентуална злоупотреба на средствата на Фондација Албиз или за злоупотреба на Фондација Албиз како правно лице.

Извршниот директор на Фондација Албиз е одговорен за штетата на Фондација Албиз предизвикана од неговата работа, ако таа е предизвикана со грубо невнимание или со свесна намера да се предизвика штета.

**Член 59**

Фондација Албиз ги штити своите интереси со мерки кои вклучуваат (но не се исклучиво) деловна тајна, забрана на конкуренција и судир на интереси.

Фондација Албиз има право одредени податоци и информации од битно значење за неговите деловни интереси да ги утврди за деловна тајна.

**Судир на интереси**

**Член 60**

Судир на интереси подразбира судир на овластувањата и должностите во врска со работењето на Фондација Албиз со постоење личен интерес на лицето, кое има овластувања и должности (како член на органите на општо управување (Управен Одбор) и надзор (Совет на донатори) и извршниот директор и лица со посебни права и одговорности), кај кој личниот интерес влијае или може да влијае врз вршењето на овластувањата и должностите во врска со работењето на Фондација Албиз.

Лицето кое има личен интерес има обврска самостојно да го пријави евентуалниот интерес и да даде изјава за судир на интереси на почетокот на секоја календарска година.

Секој договор или друга деловна активност во која има судир на интереси согласно ставовите 1 и 2 од овој член е предмет на одобрување од страна на Управниот Одбор.

Лицето кое има личен интерес треба да биде исклучено од релевантното одлучување.

## VII. ЈАВНОСТ ВО РАБОТАТА И ИНФОРМИРАЊЕ

**Чување акти**

**Член 61**

Фондација Албиз во своето седиште, во архивата, ги чува актите согласно со Законот.

Управниот Одбор го уредува начинот на канцелариско и архивско работење.

**Јавност во работата**

**Член 62**

Работата на Фондација Албиз е јавна.

Управниот одбор се обврзува да обезбеди систем на информирање на јавноста.

**Публикации**

**Член 63**

Фондација Албиз може да основа периодични публикации заради остварување на целите и задачите, а воедно годишните финансиски извештаи и тектовните активности од работењето ќе бидат објавени на официјалната веб страна.

## VIII. СТАТУТ И АКТИ НА ФОНДАЦИЈА АЛБИЗ

**Уредување на Фондација Албиз**

**Член 64**

Фондација Албиз се уредува во согласност со Законот, со овој Статут и со општите акти на Фондација Албиз.

Фондација Албиз донесува Статут, правилници, деловници, одлуки, решенија и други акти.

Со правилниците и одлуките се регулираат прашањата за кои, со Законот или со овој Статут, е предвидено да се регулираат со општи акти.

**Приоритет на примена**

**Член 65**

Статутот е највисок акт на Фондација Албиз.

Општите акти на Фондација Албиз мора да бидат во согласност со овој Статут.

Ако одредба на општ акт не е во согласност со овој Статут, таа е ништавна и се применуваат одредбите од овој Статут.

**Измени и дополнувања на Статутот**

**Член 66**

Советот го донесува, го изменува и го дополнува Статутот.

Предлог за измени и дополнувања на Статутот можат да поднесат најмалку три члена на Советот или пет члена на Управниот одбор или извршниот директор.

Предлогот на одлуката за измена на Статутот во кој што се наведени предложените измени, со нивно образложение, без разлика на тоа кој ја дал иницијативата, го разгледува и утврдува Управниот одбор и, заедно со своето мислење и пречистен текст на Статутот, го доставува до сите членови на Советот, петнаесет дена пред одржувањето на седницата на Советот.

Советот ги донесува измените и дополнувањата со пречистен текст на Статутот, со двотретинско мнозинство од вкупниот број членови.

**Потпишување општи акти**

**Член 67**

Општите акти на Фондација Албиз ги потпишува претседателот на Управниот Одбор и извршениот директор на Фондација Албиз.

## IX. ПРЕСТАНОК НА ФОНДАЦИЈА АЛБИЗ

**Престанок на работата**

**Член 68**

Фондација Албиз престанува со својата работа, ако за тоа одлучи Советот со двотретинско мнозинство од вкупниот број членови.

Фондација Албиз престанува:

- ако се утврди дека средствата не се доволни за остварување на нејзините цели и задачи;
- ако го изгуби својот имот;
- ако целта за која е формирена не може да се исполни;
- во случај на стечај
- ако работи спротивно од законот за здружениа и фонации

-Фондација Албиз престанува со работа и во согласност со позитивните законски прописи.

## X. ПРЕОДНИИ ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

**Влегување во сила**

**Член 69**

Овој Статутот влегува во сила со денот на објавувањето.

ПОТПИС И ПЕЧАТ

ДАУТИ КОМЕРЦ  Друштво за производство,
промет и услуги увоз-извоз АД с.Бојане

______________________________

Друштвото за производство и трговија
АДРИЈУС ДОО увоз-извоз с.Глумово,Сарај,

______________________________

Друштвото за производство,трговија и услуги
ФРУКТ ИМПОРТ  ДООЕЛ експорт-импорт с.Сарај Скопје

___________________________

Друштво за трговија,меѓународен транспорт и услуги
БАУКОП ДООЕЛ увоз-извоз Скопје,

______________________________

Друштвото за трговија и услуги
ЈУС МБ ДООЕЛ с.Сарај,Скопје

______________________________

Друштвото за производство,услуги и трговија на големо и мало
ПРИНЦЕ ЕНТЕРПРАЈС  ДООЕЛ експорт-импорт Скопје

______________________________

Друштвото за производство,трговија и услуги
БЕНТОН-НИ експорт-импорт ДООЕЛ

______________________________

Акционерско друштвото за транспорт,шпедиција,трговија и услуги
ДАУТИ ТРАНСПОРТШПЕД АД с.Крушопек Сарај,

______________________________

Друштвото за трговија на големо и мало
ИЗВОР Вадин  ДООЕЛ увоз-извоз Скопје

______________________________

Друштвото за производство,промет и услуги
ВИА-КОМЕРЦ Џемаљ ДООЕЛ експорт-импорт

______________________________

Друштвото за производство,трговија и услуги
РОССЕН ЦЕНТАР ДООЕЛ експорт-импорт с.Стримница.Желино

______________________________

Друштвото за градежништво,трговија и услуги
ХИТАЧИ КОНСТРУКТИОН  ДООЕЛ експорт-импорт Скопје

______________________________

Друштвото за градежништво,трговија и услуги
ДУЛИ-БАУ ДООЕЛ експорт-импорт с.Сарај Скопје,

______________________________

Друштвото за производство,трговија и услуги
САЛ-КОМ Сали ДООЕЛ Скопје

______________________________

Друштво за промет на големо и мало
ЕФТИНИЈА-ИМПЕКС ДОО Експорт-импорт Скопје,

______________________________